# Службен весник
## на Република Македонија

**Број 18** **4 февруари 2016, четврток** **година LXXII**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**СОДРЖИНА**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 533. | **Одлука** за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за експлоатација на техногена минерална суровина (троска) на Друштвото за собирање и примарна преработка на отпадоци извоз-увоз „ЕКОЦЕНТАР 97” ДООЕЛ Скопје на локалитетот „Баш Колиби“, општина Велес | 2 |
| 534. | **Одлука** за отворање на Почесен конзулат на Република Македонија во Кралството Белгија, со седиште во Антверпен | 3 |
| 535. | **Одлука** за отворање на Почесен конзулат на Руската Федерација во Република Македонија, со седиште во Битола | 3 |
| 536. | **Одлука** за давање согласност за именување на Почесен конзул на Руската Федерација во Република Македонија, со седиште во Битола | 3 |
| 537. | **Одлука** за продажба на деловен простор даден на трајно користење на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници-Скопје | 3 |
| 538. | **Решение** за именување на Почесен конзул на Република Македонија во Кралството Белгија, со седиште во Антверпен | 4 |
| 539. | **Решение** за разрешување и именување претседател и членови на Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот | 4 |
| 540. | **Решение** за разрешување и именување членови на Управниот одбор – претставници на основачот на Државниот студентски дом „Томе Стефановски-Сениќ“-Скопје | 4 |
| 541. | **Решение** за разрешување и именување членови на Управниот одбор – претставници на основачот на Државниот студентски дом „Кочо Рацин“-Битола | 4 |
| 542. | **Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор на Централниот регистар на Република Македонија | 5 |
| 543. | **Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор на Дирекцијата за задоложителни резерви на нафта и нафтени деривати | 5 |
| 544. | **Исправка** на Програмата за изменување на Програмата за рамномерен регионален развој во 2016 година | 5 |
| 545. | **Правилник** за формата и содржината на лиценцата за медијатор | 5 |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 546. | **Правилник** за формата и содржината на лиценцата за обучувач на медијатори | 7 |
| 547. | **Решение** за овластување на лаборатории за анализа и суперанализа на земените примероци за контрола на квалитетот на жита и ориз | 9 |
| 548. | **Решение** за овластување на лаборатории за анализа и суперанализа на земените примероци на контрола на брашно | 9 |
| 549. | **Решение** за овластување на лаборатории за анализа и суперанализа на земените примероци за контрола на квалитетот на жита и ориз | 10 |
| 550. | **Правилник** за формата и содржината на прекршочниот платен налог | 10 |
| 551. | **Правилник** за формата и содржината на прекршочниот платен налог | 15 |
| 552. | **Правилник** за формата и содржината на прекршочниот платен налог | 20 |
| 553. | **Упатство** за изменување и дополнување на Упатството за спроведување на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот | 25 |
| | **Огласен дел** | 1-68 |


# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**533.**

Врз основа на член 45 став (1) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр. бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15 и 192/15) и член 35 став 1 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26.1.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА ТЕХНОГЕНА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА (ТРОСКА) НА ДРУШТВОТО ЗА СОБИРАЊЕ И ПРИМАРНА ПРЕРАБОТКА НА ОТПАДОЦИ ИЗВОЗ-УВОЗ „ЕКОЦЕНТАР 97” ДООЕЛ СКОПЈЕ НА ЛОКАЛИТЕТОТ „БАШ КОЛИБИ“, ОПШТИНА ВЕЛЕС**

1. Со оваа одлука се доделува концесија за експлоатација на техногена минерална суровина (троска) на локалитетот „Баш Колиби“ општина Велес на Друштвото за собирање и примарна преработка на отпадоци извоз-увоз „ЕКОЦЕНТАР 97” ДООЕЛ Скопје, согласно Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на техногена минерална суровина (троска) на локалитетот „Баш Колиби“, општина Велес („Службен весник на Република Македонија“ бр.121/15).

2. Друштвото за собирање и примарна преработка на отпадоци извоз-увоз „ЕКОЦЕНТАР 97” ДООЕЛ Скопје достави понуда со број 00000145 на 15.12.2015 година.

3. На Јавниот повик, Друштвото за собирање и примарна преработка на отпадоци извоз-увоз „ЕКОЦЕНТАР 97” ДООЕЛ Скопје ги исполни условите содржани во Јавниот повик и Тендерската документација и достави најповолна понуда.

4. На Друштвото за собирање и примарна преработка на отпадоци извоз-увоз „ЕКОЦЕНТАР 97” ДООЕЛ Скопје се доделува концесија за експлоатација на техногена минерална суровина (троска) на локалитетот „Баш Колиби“, општина Велес, со површина на простор на концесија за експлоатација дефиниран со точки меѓусебно поврзани со прави линии, а точките дефинирани со координати како е дадено во табелата, и тоа:

| Точка | Координата X | Координата Y |
|---|---|---|
| 1 | 7.563.168,00 | 4.621.678,00 |
| 2 | 7.563.248,00 | 4.621.702,00 |
| 3 | 7.563.304,00 | 4.621.674,00 |
| 4 | 7.563.327,00 | 4.621.651,00 |
| 5 | 7.563.336,00 | 4.621.581,00 |
| 6 | 7.563.316,00 | 4.621.542,00 |
| 7 | 7.563.290,00 | 4.621.545,00 |

5. Површината на просторот на концесијата за експлоатација од точка 1 на оваа одлука изнесува P=0,01519 km2.

6. Времетраењето на доделената концесија од точка 1 на оваа одлука изнесува 10 (десет) години.

7. Надоместокот за доделената концесија за експлоатација во износ од 1.300.000,00 денари субјектот од точка 1 од оваа одлука е должен да го плати во рок од 30 дена од денот на приемот на Известувањето и Одлуката за избор на најповолен понудувач.

8. Најповолниот понудувач е должен да го потпише Договорот за концесија во рок не подолг од 60 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

9. Надзор над спроведувањето на концесијата ќе врши Министерството за економија.

10. Во име на Владата на Република Македонија, Договорот за концесија ќе го потпише министерот за економија.

11. Жалба против оваа одлука може да се изјави до Државната комисија за жалби по јавни набавки во рок од осум дена од денот на приемот на оваа одлука во однос на утврдувањето на способноста на пријавите за учество или евалуацијата на понудите и одлуката.

12. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-13161/1-15
26 јануари 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

**534.**

Врз основа на член 91 алинеја 10 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија " бр.52/91) и член 31 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 46/06, 107/08, 26/13, 39/14. 61/15 и 226/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 2.2.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОТВОРАЊЕ НА ПОЧЕСЕН КОНЗУЛАТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО КРАЛСТВОТО БЕЛГИЈА, СО СЕДИШТЕ ВО АНТВЕРПЕН**

Член 1

Република Македонија отвора Почесен конзулат во Кралството Белгија, со седиште во Антверпен.

Член 2

Се задолжува Министерството за надворешни работи да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 10/1
2 февруари 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**535.**

Врз основа на член 86 став 3 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 46/06, 107/08, 26/13, 39/14, 61/15 и 226/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 2.2.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОТВОРАЊЕ НА ПОЧЕСЕН КОНЗУЛАТ НА РУСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, СО СЕДИШТЕ ВО БИТОЛА**

Член 1

Руската Федерација отвора Почесен конзулат во Република Македонија, со седиште во Битола.

Член 2

Се задолжува Министерството за надворешни работи да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 202/1
2 февруари 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**536.**

Врз основа на член 93 став 3 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 46/06, 107/08, 26/13, 39/14, 61/15 и 226/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 2.2.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПОЧЕСЕН КОНЗУЛ НА РУСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, СО СЕДИШТЕ ВО БИТОЛА**

Член 1

Се дава согласност Сергеј Самсоненко да се именува за Почесен конзул на Руската Федерација во Република Македонија, со седиште во Битола.

Член 2

Се задолжува Министерството за надворешни работи да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 203/1
2 февруари 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**537.**

Врз основа на член 4 став (3) од Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија", бр. 13/13, 69/13, 104/13, 27/14, 42/14, 178/14, 180/14, 51/15, 61/15, 129/15 и 6/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 2.2.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРОДАЖБА НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ДАДЕН НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ЖЕЛЕЗНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ - СКОПЈЕ**

Член 1

Да се изврши продажба на недвижна ствар - деловен простор во сопственост на Република Македонија, а даден на трајно користење на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници – Скопје, кој се наоѓа во Велес на ул. „Маршал Тито" бр.100, деловна зграда, влез 1, кат-приземје, на КП 4819/2 КО Велес, запишан во Имотен лист бр. 44, со намена на посебен дел од зграда ДП, со површина од 93м2, со вкупна проценета пазарна вредност од 94.193 евра или 5.792.869,50 денари пресметана по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на проценката (1 евро=61,50 денари).

Проценетата пазарна вредност од став 1 од овој член претставува почетна цена за јавно наддавање.

Член 2

Се овластува Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници - Скопје да ја води постапката за јавно наддавање и да склучи договор за продажба на деловниот простор.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 42-108/1<br>2 февруари 2016 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Македонија,<br>м-р **Зоран Ставрески,** с.р. |

---

**538.**

Врз основа на член 91 алинеја 11 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.52/91) и член 61 став 1 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр.46/06, 107/08, 26/13, 39/14, 61/15 и 226/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 2.2.2016 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПОЧЕСЕН КОНЗУЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО КРАЛСТВОТО БЕЛГИЈА, СО СЕДИШТЕ ВО АНТВЕРПЕН**

1. Се именува Рајес Леменс за Почесен конзул на Република Македонија во Кралството Белгија, со седиште во Антверпен.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија”.

| | |
|---|---|
| Бр. 11/1<br>2 февруари 2016 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Македонија,<br>м-р **Зоран Ставрески,** с.р. |

---

**539.**

Врз основа на член 14 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/2008, 145/2010, 104/2013, 187/2013, 43/2014, 160/2014, 97/2015 и 148/2015), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26 јануари 2016 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ**

1. Од должноста членови на Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот, поради истек на мандатот, се разрешуваат:

- Владимир Спиркоски
- Адријана Сливоска
- Мери Дика – Георгиевска и
- Миле Мојсовски.

2. За претседател и членови на Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот, се именуваат:

а) за претседател:
- Билјана Трајковска

б) за членови:
- Марко Кржалоски
- Нада Јанчевска и
- Горан Ѓуровски.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 24-980/1<br>26 јануари 2016 година<br>Скопје | Претседател на Владата<br>на Република Македонија,<br>**Емил Димитриев,** с.р. |

---

**540.**

Врз основа на член 34 од Законот за студентскиот стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/2013, 30/2013, 120/2013, 41/2014 и 146/2015), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26 јануари 2016 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР – ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОСНОВАЧОТ НА ДРЖАВНИОТ СТУДЕНТСКИ ДОМ „ТОМЕ СТЕФАНОВСКИ-СЕНИЌ“-СКОПЈЕ**

1. Од должноста членови на Управниот одбор - претставници на основачот на Државниот студентски дом „Томе Стефановски-Сениќ“-Скопје, поради истек на мандатот, се разрешуваат:

- Салко Куч и
- Себастијан Камил.

2. За членови на Управниот одбор – претставници на основачот на Државниот студентски дом „Томе Стефановски-Сениќ“-Скопје, се именуваат:

- Салко Куч и
- Насер Османи.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во„Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 24-981/1<br>26 јануари 2016 година<br>Скопје | Претседател на Владата<br>на Република Македонија,<br>**Емил Димитриев,** с.р. |

---

**541.**

Врз основа на член 34 од Законот за студентскиот стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/2013, 30/2013, 120/2013, 41/2014 и 146/2015), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26 јануари 2016 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР – ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОСНОВАЧОТ НА ДРЖАВНИОТ СТУДЕНТСКИ ДОМ „КОЧО РАЦИН“-БИТОЛА**

1. Од должноста членови на Управниот одбор - претставници на основачот на Државниот студентски дом „Кочо Рацин“-Битола, се разрешуваат:

- Јоланда Бошевска
- Марина Јовковска
- Илија Николовски
- Димитар Ѓоргиевски и
- Елизабета Емин.

2. За членови на Управниот одбор – претставници на основачот на Државниот студентски дом „Кочо Рацин“–Битола, се именуваат:

- Марина Јовковска
- Илија Николовски и
- Елизабета Емин.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во„Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-983/1 Претседател на Владата
26 јануари 2016 година на Република Македонија,
Скопје **Емил Димитриев,** с.р.

---

**542.**

Врз основа на член 5 од Законот за Централен регистар („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/2001, 49/2003, 109/2005, 88/2008, 35/2011, 43/2014, 199/2014, 97/2015 и 153/2015), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 26 јануари 2016 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЦЕНТРАЛНИОТ РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Исмаил Ебипи се разрешува од должноста член на Управниот одбор на Централниот регистар на Република Македонија, поради истек на мандатот.
2. За член на Управниот одбор на Централниот регистар на Република Македонија се именува Исмаил Ебипи.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24-984/1 Претседател на Владата
26 јануари 2016 година на Република Македонија,
Скопје **Емил Димитриев,** с.р.

---

**543.**

Врз основа на член 17 од Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/2008, 35/2011, 84/2012 и 43/2014), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 26 јануари 2016 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ЗАДОЛОЖИТЕЛНИ РЕЗЕРВИ НА НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ**

1. Неџати Алија се разрешува од должноста член на Управниот одбор на Дирекцијата за задоложителни резерви на нафта и нафтени деривати, поради истек на мандатот.
2. За член на Управниот одбор на Дирекцијата за задоложителни резерви на нафта и нафтени деривати се именува Неџати Алија.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 24-985/1 Претседател на Владата
26 јануари 2016 година на Република Македонија,
Скопје **Емил Димитриев,** с.р.

**544.**

По извршеното срамнување на изворниот текст утврдено е дека во текстот на Програмата за изменување на Програмата за рамномерен регионален развој во 2016 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/2016, направена е техничка грешка, поради што се дава

**И С П Р А В К А**
**НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ ВО 2016 ГОДИНА**

Во членот 1, табела 1, во делот „2.1 Неизмирени обврски од 2015 година“, наместо бројот „6.834.945,00“ треба да стои бројот „16.834.945,00“.

Бр. 42-712/2 Од Владата на Република
2 февруари 2016 година Македонија
Скопје

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

**545.**

Врз основа на член 46 став (5) од Законот за медијација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 188/13, 148/15 и 192/15), министерот за правда донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА МЕДИЈАТОР**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на лиценцата за медијатор.

Член 2

Лиценцата за медијатор се издава на образец на бела кунздрук хартија со А-4 формат.

Образецот на лиценцата од став 1 на овој член содржи: во горниот дел е отпечатен грбот на Република Македонија и текстот: РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДБОР ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА РАБОТИТЕ НА МЕДИЈАЦИЈАТА, законскиот основ за издавање на лиценцата за медијатор, назив „ЛИЦЕНЦА ЗА МЕДИЈАТОР“, податоци за името, татковото име и презиме, датум и место на раѓање, општина и држава, датум на издавање на уверение за положен испит за медијатор согласно Законот за медијација, соодветна област за која се издава лиценцата, ден, месец и година до кога важи лиценцата, број на лиценцата, датум и место на издавање на лиценцата, место за потпис на Претседателот на Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата и место за печат.

Образецот на лиценцата од став 1 на овој член е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-113/3
29 јануари 2016 година Министер за правда,
Скопје д-р **Аднан Јашари,** с.р.

Образец

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА ОБЕЗБЕД УВАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ
НА РАБОТИТЕ НА МЕДИЈАЦИЈАТА

Врз основа на член 59 став (1) точка г) од Законот за медијација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 188/13, 148/15 и 192/15), Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата, издава:

# Л И Ц Е Н Ц А
## ЗА
## М Е Д И Ј А Т О Р

На ____________________________________________ роден-а на __________________ ________ година во ______________________________,
(име, татково име и презиме) (датум на раѓање) (место)

општина _________________ држава ________________________, со положен испит за медијатор на _______________________ година,
(датум на издавање на уверение за положен испит за медијатор)

кој/а ги исполнува условите за медијатор согласно Законот за медијација.

Се издава лиценца за медијатор од областа на __________________________________________________________.

Лиценцата се издава со рок на важење до ____________________ година.
(ден, месец и година)

Број________________
Датум_____________
Скопје

Претседател,
________________________
(потпис и печат)

**546.**

Врз основа на член 53 став (7) од Законот за медијација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 188/13, 148/15 и 192/15), министерот за правда донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА ОБУЧУВАЧ НА МЕДИЈАТОРИ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на лиценцата за обучувач на медијатори.

Член 2

Лиценцата за обучувач на медијатори се издава на образец на бела кунздрук хартија во А-4 формат.

Образецот на лиценцата од став 1 на овој член содржи: во горниот средишен дел е отпечатен грбот на Република Македонија, а под него е испишан текстот: „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДБОР ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА РАБОТИТЕ НА МЕДИЈАЦИЈАТА, законскиот основ за издавање на лиценцата; назив на лиценцата „ЛИЦЕНЦА ЗА ОБУЧУВАЧ НА МЕДИЈАТОРИ“; податоци за името, татково име и презиме, датум на раѓање, место и држава, на лицето кое ги исполнува условите за обучувач на медијатори согласно Законот за медијација; број на лиценцата со датум и место на издавање; место за потпис на Претседателот на Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата и место за печат.

Образецот на лиценцата од став 1 на овој член е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-115/3
29 јануари 2016 година
Скопје

Министер за правда,
д-р **Аднан Јашари,** с.р.

Образец

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ
НА РАБОТИТЕ НА МЕДИЈАЦИЈАТА

Врз основа на член 59 став (1) точка г) од Законот за медијација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 188/13, 148/15 и 192/15), Одбор за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата, издава:

# ЛИЦЕНЦА
## ЗА
## ОБУЧУВАЧ НА МЕДИЈАТОРИ

На ________________________________________ роден-а на ________________ ________ година во ______________________________,
(име, татково име и презиме) (датум на раѓање) (место и држава)

кој/а ги исполнува условите за обучувач на медијатори согласно Законот за медијација .

Број________________
Датум_____________
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ,
_________________________
(потпис и печат)

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**547.**

Врз основа на членот 15 од Законот за квалитет на земјоделски производи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/10, 53/11, 55/12, 106/13, 116/15, 149/15 и 193/15), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА ЛАБОРАТОРИИ ЗА АНАЛИЗА И СУПЕРАНАЛИЗА НА ЗЕМЕНИТЕ ПРИМЕРОЦИ ЗА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТОТ НА ЖИТА И ОРИЗ**

Се овластува Друштвото за производство и промет „Кадино Индустри Груп’’- ДООЕЛ од Скопје да врши анализа и суперанализа на земените примероци за контрола на квалитетот на жита и ориз.

О б р а з л о ж е н и е

Друштвото за производство и промет „Кадино Индустри Груп’’- ДООЕЛ ул.10 бр. 43, с.Кадино,Скопје поднесе барање бр.1539/16 од 13.01.2016 година со придружна документација согласно член 14 од Законот за квалитет на земјоделски производи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/10, 53/11, 55/12, 106/13, 116/15, 149/15 и 193/15).

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство од придружната документација и барањето на Друштвото за производство и промет „Кадино Индустри Груп’’ ДООЕЛ утврди дека барателот ги исполнува условите согласно член 14 став (1) алинеа 4 од Законот за квалитет на земјоделски производи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/10, 53/11, 55/12, 106/13, 116/15, 149/15 и 193/15), Правилникот за начинот на земање примероци и методи за анализа и суперанализа на жита и ориз („Службен весник на Република Македонија“ бр.94/11) и Правилникот за поблиските услови за просториите и опремата за вршење анализа и суперанализа на жита и ориз („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/12).

„Друштвото за производство и промет „Кадино Индустри Груп“ - ДООЕЛ достави доказ Сертификат бр.ЛТ-047 дека е акредитиран од страна на Институтот за акредитација на Република Македонија со што ги исполнува сите услови за добивање на решение за овластена лабораторија.

Такса за ова решение е наплатена во износ од 1.500,00 денари согласно член 37 тарифен број 36 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12 и 192/15).

Упатство за правно средство:

Против ова решение незадоволната странка можеда изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Жалбата се таксира со 250,00 денари таксена марка согласно член 37 тарифен број 2 од Законот за административни такси („Службен весник на РепубликаМакедонија“ бр. 17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12 и 192/15).

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр.15-39/16 | Министер за земјоделство, |
| 26 јануари 2016 година | шумарство и водостопанство, |
| Скопје | м-р **Михаил Цветков,** с.р. |

---

**548.**

Врз основа на членот 16-ј ставови (1) и (3) од Законот за квалитет на земјоделски производи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/10, 53/11, 55/12, 106/13, 116/15, 149/15 и 193/15), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА ЛАБОРАТОРИИ ЗА АНАЛИЗА И СУПЕРАНАЛИЗА НА ЗЕМЕНИТЕ ПРИМЕРОЦИ НА КОНТРОЛА НА БРАШНО**

Се овластува „ДПТУ Мак Млин ДОО’’ Увоз-Извоз, од с.Чешиново, Кочани да врши анализа и суперанализа на земените примероци за контрола на квалитетот на брашно.

О б р а з л о ж е н и е

„ДПТУ Мак Млин ДОО“ Увоз-Извоз на ул:.АСНОМ бр. 2, с.Чешиново од Кочани поднесе барање бр.1540/16 од 13.01.2016 година со придружна документација согласно член 16-и од Законот за квалитет на земјоделски производи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/10, 53/11, 55/12, 106/13, 116/15, 149/15 и 193/15).

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство од придружната документација и барањето на „ДПТУ Мак Млин ДОО’’ Увоз-Извоз утврди дека барателот ги исполнува условите согласно член 16-и од Законот за квалитет на земјоделски производи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/10, 53/11, 55/12, 106/13, 116/15, 149/15 и 193/15). Правилникот за поблиските услови за соодветните простории и потребната опрема со кои треба да располагаат лабораториите за вршење на анализа и суперанализа на брашно („Службен весник на Република Македонија“ бр. 41/14) и Правилникот за минималните услови за ставање во промет, квалитетот и типовите на брашно, начинот и методите на земање на мостри, како и методите за анализа на квалитетот на брашното („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/14)

„ДПТУ Мак Млин ДОО’’ Увоз-Извоз достави доказ Сертификат бр.ЛТ-054 дека е акредитиран од страна на Институтот за акредитација на Република Македонија со што ги исполнува сите услови за добивање на решение за овластена лабораторија.

Такса за ова решение е наплатена во износ од 1.500,00 денари согласно член 37 тарифен број 36 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12 и 192/15).

Упатство за правно средство:

Против ова решение незадоволната странка можеда изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Жалбата се таксира со 250,00 денари таксена марка согласно член 37 тарифен број 2 од Законот за административни такси („Службен весник на РепубликаМакедонија“ бр. 17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12 и 192/15).

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр.15-40/16 | Министер за земјоделство, |
| 26 јануари 2016 година | шумарство и водостопанство, |
| Скопје | м-р **Михаил Цветков,** с.р. |

**549.**

Врз основа на членот 15 од Законот за квалитет на земјоделски производи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/10, 53/11, 55/12, 106/13, 116/15, 149/15 и 193/15), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА ЛАБОРАТОРИИ ЗА АНАЛИЗА И СУПЕРАНАЛИЗА НА ЗЕМЕНИТЕ ПРИМЕРОЦИ ЗА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТОТ НА ЖИТА И ОРИЗ**

Се овластува „ДПТУ Мак Млин ДОО’’- Увоз-Извоз, од с.Чешиново, Кочани да врши анализа и суперанализа на земените примероци за контрола на квалитетот на жита и ориз.

О б р а з л о ж е н и е

„ДПТУ Мак Млин ДОО’’ Увоз-Извоз на ул. АСНОМ бр. 2, с.Чешиново од Кочани поднесе барање бр.15-41/16 од 13.01.2016 година со придружна документација согласно член 14 од Законот за квалитетот на земјоделски производи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/10, 53/11, 55/12, 106/13, 116/15, 149/15 и 193/15).

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство од придружната документација и барањето на „ДПТУ Мак Млин ДОО’’ увоз-иавоз утврди дека барателот ги исполнува условите согласно член 14 став (1) алинеа 4 од Законот за квалитет на земјоделски производи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/10, 53/11, 55/12, 106/13, 116/15, 149/15 и 193/15), и правилникот за начинот на земање примероци и методи за анализа и суперанализа на жита и ориз („Службен весник на Република Македонија“ бр.94/11) и Правилникот за поблиските услови за просториите и опрематаза вршење анализа и суперанализа на жита и ориз („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/12).

„ДПТУ Мак Млин ДОО’’ Увоз-Извоз достави доказ Сертификат бр.ЛТ-054 дека е акредитиран од страна на Институтот за акредитација на Република Македонија со што ги исполнува сите услови за добивање на решение за овластена лабораторија.

Такса за ова решение е наплатена во износ од 1.500,00 денари согласно член 37 тарифен број 36 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12 и 192/15).

Упатство за правно средство:

Против ова решение незадоволната странка можеда изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Жалбата се таксира со 250,00 денари таксена марка согласно член 37 тарифен број 2 од Законот за административни такси („Службен весник на РепубликаМакедонија“ бр. 17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12 и 192/15).

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр.15-41/16 | Министер за земјоделство, |
| 26 јануари 2016 година | шумарство и водостопанство, |
| Скопје | м-р **Михаил Цветков,** с.р. |

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**550.**

Врз основа на член 36-б став 8 од Законот за инвалидски организации („Службен весник на Република Македонија“ бр.89/08, 59/12, 23/13 и 150/15), министерот за труд и социјална политика, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПРЕКРШОЧНИОТ ПЛАТЕН НАЛОГ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.

Член 2

Прекршочниот платен налог за правно лице е отпечатен на хартија со бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог бр. 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Прекршочниот платен налог за одговорното лице во правно лице е отпечатен на хартија со бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог бр. 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 10-577/1 | Министер |
| 26 јануари 2016 година | за труд и социјална политика, |
| Скопје | д-р **Фросина Ташевска - Ременски,** с.р. |

Прилог бр.1

Република Македонија
Министерство за труд и социјална политика
Број:
Датум год. во часот

Врз основа на член 36 став 1 и член 36-б од Законот инвалидски организации, овластеното лице за вршење на надзор ______________________ издава

## ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ
( за правно лице)

| А | ПОДАТОЦИ ЗА ПРАВНОТО ЛИЦЕ |
|---|---|

| Назив | Даночен број |
|---|---|
| Седиште | Жиро сметка и деловна банка |

| Б | ПОДАТОЦИ ЗА ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ КАЈ РАБОТОДАВАЧ-ПРАВНО ЛИЦЕ |
|---|---|

| Име и презиме | | ЕМБГ |
|---|---|---|
| Датум,место и држава на раѓање | Занимање | Адреса на живеалиште или на привремен престој |
| Број на лична карта/патна исправа | Датум и место на издавање | Орган кој ја издал |

| В | ПОДАТОЦИ ЗА СТОРЕНИОТ ПРЕКРШОК |
|---|---|
| Место и време на сторување на прекршокот | |
| Опис на прекршокот | |
| Правна квалификација на прекршокот | |

| | |
|---|---|
| Записник за сторен прекршок | |
| Износ на утврдена глоба за прекршокот | |
| Сметка за плаќање на глоба | На ПП 50 образец на трезорска сметка 100-0000000630-95 уплатна сметка 840 --- ( општина каде се уплаќа) приходна шифра 05327 програма 72213000 со цел на дознака уплата на глоба |

**ПРАВНА ПОУКА:** Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до овластеното лице за вршење на надзор. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, овластеното лице за вршење на надзор поднесува барање за поведување прекршочна постапка до надлежен суд.

